**ЗАПИСНИК**
**од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.08.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ивона Муфишева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:20 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата не е присутен г-дин Трајчев бидејќи користи годишен одмор и се наоѓа во странство.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2022 година.
3. Предлог-одлука за ребаланс на Финансискиот план за 2022 година.
4. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.
5. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

8. Предлог за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје за прекршување на член 143 од ЗАВМУ.
9. Предлог за овластување вработени во Стручната служба на Агенцијата за вршење стручен надзор над радиодифузерите.
10. Предлог-годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2022 година.

Г-дин Јанчески побара согласно праксата на претходните седници, во делот на „Отсутни членови на Советот на Агенцијата" покрај неговото име и презиме во заграда да стои – годишен одмор.

Советот со корекцијата предложена од г-дин Јанчески со 4 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Записникот од 5-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и со корекцијата предложена од г-дин Јанчески да биде ставена причината за неговото отсуство - годишен одмор, со 4 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои Записникот од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.07.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски објасни дека образложение за точките ќе даде Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска, бидејќи оваа седница била закажана додека бил на годишен одмор.

Раководителката Љубевска ја образложи Предлог-одлуката за ребаланс на Финансискиот план за 2022 година. Објасни дека со ребалансот се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 55.000,00 денари, наменети за зголемување на средства за набавка на канцелариски материјали за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Оваа постапка за јавна набавка е започната меѓутоа доставените понуди од економските оператори се повисоки од она што е предвидено од страна на Агенцијата во Годишниот план за јавни набавки за 2022 година. Измените би се направиле со тоа што: Групната ставка 418 – Останати други

расходи се намалува за 55.000,00 денари со тоа што Позицијата 400300 – Потрошени канцелариски материјали се зголемува за 55.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 300.000,00 денари истата изнесува 355.000,00 денари. Како информација до членовите на Советот објасни дека има уште една ваква јавна набавка која не е предвидена за ребаланс. Станува збор за набавка на Пијалаци за потребите на Агенцијата од 101 илјада денари без ДДВ и овие средства ќе се обезбедат така што ќе се искористат од ставката средства за репрезентација.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, бр.05-2668/1 од 01.07.2022 година.

Со предложениот ребаланс на Финансискиот план за 2022 година, вкупните планираните расходи остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 133.754.238,00 денари.

Со ребалансот се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 55.000,00 денари, наменети за зголемување на средства за набавка на канцелариски материјали за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година наведе дека секоја година овој медиум постапува на ист начин односно годишниот надоместок не го плаќа во законскиот утврдениот рок.

Раководителката Љубевска објасни дека е направен административен надзор во поглед на обврската од член 80 став 5 од ЗААВМУ односно обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување. Радиодифузерот имаше обврска да плати 103.321,00 денари меѓутоа заклучно со 30 јули 2022 година кога беше крајниот законски рок го нема уплатено надоместокот и од таа причина се предлага да се покрене постапка за одземање на неговата дозвола за емитување.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-3026/1 од 01.08.2022 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената Ф-ра бр.2022-100-0176 од 27.06.2022 година, заклучно со 30.07.2022 година кога беше крајниот законски рок за

уплата на надоместокот во износ од 103.321,00 (сто и три илјади и триста дваесет и еден) денар.

Г-дин Петрушевски рече да се извести прецизно радиодифузерот на повеќе начини за да го знае точниот рок до кога може да плати за да не погреши оти обично секоја година ова го прави и уплаќа во последен момент.

**Точка 5**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје за прекршување на член 143 од ЗАВМУ. Објасни дека на 27 јули 2022 година направен е контролен надзор над работењето на овој оператор со цел да се провери дали постапил по решението за преземање мерка јавна опомена односно дали во програмскиот пакет бесплатно ги вклучил сите програмски сервиси на јавниот радиодифузен сервис. Со надзорот е констатирано дека и покрај донесеното Решение за преземање мерка јавна опомена не постапил поради тоа што се предлага да се покрене прекршочна постапка.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-2959/1 од 27.07.2022 година на Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, и утврди прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2", „МРТ 3", „МРТ 4" и „МРТ 5" што е спротивно на член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точка 6**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека на 19 јули 2022 година направен е редовен програмски надзор на програмата на овој медиум емитувана на 5 јули оваа година при што е констатирано дека во рамки на документарната програма „Заборавени", посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик што е спротивно на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Од оваа причина се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на Законот. Додаде дека кога се доставени надзорите до радиодифузерот, ТВ Стар испрати меил кој е доставен во материјалите кое всушност не е образложение на медиумот туку поставува прашање зошто АВМУ постојано го

анимира нивното внимание за надзор. Во таа насока по седницата се предлага да му се одговори на радиодифузерот дека ТВ Стар последен пат бил предмет на редовен програмски надзор во 2019 година, додека за ТВ Ирис редовен програмски наздор има спроведено во 2020 година а два контролни надзори се спроведени во 2021 година. За ТВ М НЕТ – ХД имало редовен програмски надзор во 2021 година. Објасни дека надзорите се спроведуваат согласно Годишните програмски и административни наздори додека вонредните надзори зависат од пристигнати претставки.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2855/1 од 19.07.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 5 јули 2022 година, во рамки на документарната програма „Заборавени", посветена на селото Вратница (прв дел), се емитувани изјави на гостин од Србија, изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето се согласи на ТВ Стар да му се достави одговор за да не смета дека Советот, директорот или Стручната служба има нешто против овој медиум.

**Точка 7**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека истиот ден кога е направен програмскиот надзор констатирано е и уште едно прекршување и тоа на член 92 став 1 од ЗААВМУ односно затоа што на 5 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Констатирано е дека радиодифузерот емитувал 26.82% и поради тоа се предлага да му се изрече мерка јавна опомена и да му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2856/1 од 19.07.2022 година и едногласно заклучи на

ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 5 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски во врска со точката, побара од службата да дадат прецизно објаснување во однос на тврдењето од страна на застапникот на РА Капитол дека поканата за Јавната седница не била уредно доставена до нив. Информира дека не е така, дека е исправно постапено, но сепак рече членовите на Советот треба да добијат појаснување.

Помошник раководителката на Сектор за правни работи и јавни набавки м-р Ивона Муфишева објасни дека Поканата за 6-та Јавна седница до застапникот на радиодифузерот и до управителот е доставена согласно Деловникот за работа на АВМУ а исто така и Законот за општа управна постапка предвидува електронска достава, односно дека е во ред што покана ја примиле и електронски.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска објасни дека на оваа тема разговарале со Раководителката на Сектор за правни работи и во овој случај не станува збор за судско рочиште туку за покана за јавна седница. Од друга страна радиодифузерот е многу одамна запознаен со целата ситуација пред сè затоа што АВМУ неколку пати се обраќаше до него пред воопшто да биде покрената постапката. Известен беше дека ќе биде предмет на надзор и дека е потребно колку што е можно побрзо да го отстрани прекршувањето. Потоа следеше покренување на постапката за одземање на дозволата и имаше дополнителни 15 дена, така што многу порано бил запознаен од она што го тврди. Законот за општа управна постапка не е многу прецизен во однос на јавни седници односно не познава таква категорија, но сепак тоа е уредено во Деловникот за работа на АВМУ. Агенцијата најбрзо што можеше им достави покана преку електронска пошта, инструмент кој што го познава ЗОУП, а воедно врачувањето на известувањето е направено и на рака и кај адвокатот и кај управителот на радиодифузерот.

Г-дин Петрушевски рече дека предлогот на Стручната служба и директорот и Одлуката на Советот се изнуден потег, последица на активности преземени од други институции, прво Централен регистар на РСМ, а потоа и на АЕК. Едноставно АВМУ беше ставена во една шах-мат позиција и немаше друг избор како да реагира, секое поинакво реагирање ќе беше кршење на Законот од страна на Советот. Во таа насока рече дека нема друг избор освен технички да гласа да се избрише. Лично како човек се надева дека судот ќе ја поништи одлуката на Централен регистар иако шансите се минимални а потоа и одлуката на АЕК за да се создадат услови за поништување на Одлуката што ја донесе Советот на АВМУ. Лично би сакал така да се случи, но не верува и се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Трајчевски како појаснување, рече дека и другите две државни институции не постапиле своеволно, туку заради непостапување на самиот радиодифузер. Централен регистар не го избришал правниот субјект затоа што така сакал туку заради тоа што имал законски аргументи. АЕК исто така му го отповикал Решението за користење на фреквенцијата затоа што не ги регулирал финансиските обврски а тоа е основен услов за да има Решение за користење на радиофреквенции. Во таа насока појасни дека сите одлуки на другите државни органи се последица на непочитување на законските одредби од страна на самиот радиодифузер.

Г-дин Фиданоски како надополнување на досегашната дискусија по оваа точка, рече дека АВМУ како институција сигурно е последна во редоследот за случувањата со овој радиодифузер. Во АВМУ и кај Советот сигурно ќе наиде на добра волја доколку претходно си ги расчисти обврските со другите две институции и сите недоследности што ги има по таа постапка. Доколку тоа го стори апсолутно ќе наиде на отворена врата и АВМУ и Советот ќе бидат ефикасни и експедитивни да го врати она што смета дека го загубил. Но, Советот и Агенцијата не смеат да одат во свесно прекршување на Законот а уште помалку во креирање на двојни аршини кон еден радиодифузер во однос на друг. Се сеќава дека имало постапки за одземање на дозвола на радиодифузер, но при спроведен спор пред Управен суд, радиодифузерот го добил спорот, ги регулирал трошоците и АВМУ му ја врати дозволата со што продолжил да функционира како радиодифузер. Му посака што побрзо да ги реши овие недоследности и во Централен регистар и во АЕК и апсолутно ќе најде отворена врата во АВМУ. Се изјасни дека ќе ја поддржи точката и праша дали службата има информација кога застапникот и управителот ги примиле поканите за 6-та јавна седница на рака или преку меил?

Раководителката на Одделението за поддршка на работата на Советот Маја Дамевска објасни дека Поканите за јавната седница се навремено доставени и до застапникот и до управителот, по електронска пошта се доставени во петок, 05.08.2022 година, а ова утро и на двајцата им се доставени на рака.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за овластување вработени во Стручната служба на Агенцијата за вршење стручен надзор над радиодифузерите. Објасни дека Советот на Агенцијата на првото продолжение на 26-та седница одржана на 19.07.2022 година донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање. Согласно член 30 став 1 од ЗААВМУ стручниот надзор над радиодифузерите се врши од страна на лица вработени во Стручната служба на Агенцијата но по претходно дадено овластување од Советот а со цел усогласување со наведениот Правилник. Во таа насока се предлага Советот да даде овластување на 6 лица вработени во АВМУ.

Советот на Агенцијата едногласно овласти 6 (шест) лица за вршење стручен надзор, вработени во стручната служба на АВМУ, на кои ќе им бидат издадени службени легитимации согласно ЗААВМУ и Правилникот со арх.бр.01-2881/1 од 20.07.2022 г. за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на овластеното лице за вршење на стручен надзор и начинот на нејзино издавање и одземање, арх.бр.01-5733/1 од 19.11.2014 г.

**Точка 10**

Раководителката Љубевска го образложи Предлог-годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година. Објасни дека овој план е изработен врз основа на укажувањето содржано во Изводокот од Нацрт-записникот на Педесет и петтата седница на Владата на РСМ. Планот е изработен во корелација со Годишниот план за спречување на корупција кој што Агенцијата го донесе на почетокот на оваа година, во јануари. Како што може да се види од материјалот во Годишниот план се идентификувани пет области кои што евентуално би можеле да бидат подложни на корупција а тоа се индивидуален и институционален интегритет, квалитет на работата на АВМУ, постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи, јавни набавки и судир на интереси при спроведување надзор. Покрај ова изготвен е и Акциски план во кој е даден преглед на ризици, активности, мерките, носителите/надлежните организациони единици, рокот за реализација, фискалните импликации и проценката на ризикот за реализација на активностите преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

Г-дин Фидановски рече не се сомневал дека како институција условно речено експресно ќе реагираат по овие прашања. Смета дека Агенцијата се движи во добар правец и така треба и понатаму да продолжи. Битката против корупцијата е секогаш на дневен ред во сите времиња односно од независноста на нашата држава. За жал рече малку кога сме ја добиле битката, меѓутоа АВМУ е еден од ретките примери на успешно справување со оваа медицински кажано пандемија и ако сакаме да ја добиеме во форма на ендемски вид, треба да се искоренува колку што е можно повеќе за што ќе треба да има и поголеми залагања. Негово лично мислење во врска со петте условно речено области за потенцијални ризици, најкритични му се две, и тоа делот за јавните набавки и судирот на интереси. Лично смета дека од денот кога е член на Советот во АВМУ до сега немало проблем во овие два сегменти, се постапувало правилно, впрочем доколку

не било така и имало погрешни чекори во постапките ќе имаше реакција од некои други инстанции. Се изјасни дека ќе даде поддршка за точката.

Г-дин Петрушевски објасни дека предложениот Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за 2022 година Советот го одобрува односно гласа за одобрување додека документот го потпишува директорот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да го донесе Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Годишниот план за проценка на ризици од корупција на АВМУ за 2022 година да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3032/10

12.08 **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**